STEPANOVSKA

03 12228/1

28-05-2018

Република Македонија
**ИЗВРШИТЕЛ**
**Зоран Петрески**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Скопје 1 и Скопје 2**
**ул.Св.Климент Охридски бр.21 А/2**
**тел. 02 3 207-207**

**Образец бр.50**

**И.бр. 141/2018**

Извршителот Зоран Петрески од Скопје, ул.Св.Климент Охридски бр.21 А/2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ХАЛК Банка АД Скопје со ЕМБС 4627148 и седиште на ул.Мито Хаџивасилев Јасмин бб, засновано на извршната исправа ОДУ бр [redacted] од [redacted] година на нотар [redacted] против должниците [redacted] од [redacted] и седиште на ул [redacted] од Скопје со ЕДБ [redacted] и ЕМБС [redacted] и [redacted] живеалиште на ул [redacted] од Скопје со ЕМБГ [redacted] за спроведување на извршување, ЕУР [redacted] во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, на ден 28.05.2018 година го донесува следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
-Недвижност во Скопје, со сите припадоци и прирастоци, доградби и надградби, на КП 2416, дел 1, КО Бутел, запишана во имотен лист бр.16347 при АКН на РМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:
број на зграда 1, намена на зграда помошни простории, влез 1, кат ПО, површина од 160м2;
број на зграда 1, намена на зграда стан во семејна зграда, влез 1, кат ПР, површина од 160м2;
сопственост на заложниот должник [redacted]
и

-810/867 идеален дел од земјиште, со сите припадоци и прирастоци, доградби и надградби, викано место Приштинска, на истата КП 2416 дел 1, КО Бутел, запишано во имотен лист бр.7544 при АКН на РМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:
култура 50000 1, површина 214 м2;
култура 50000 2, површина 22 м2;
култура дм, површина 631 м2;
сосопственост на заложниот должник [redacted]

Продажбата ќе се одржи на ден 18.06.2018 година во 12 часот во просториите на извршител Зоран Петрески, бул.Св.Климент Охридски бр.21А/2 Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот, изнесува 12.118.351,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: заложно право во корист на Халк банка АД Скопје, налог за извршување на извршител Зоран Петрески и налог за извршување на извршител Андреа Буневски. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200002491876448 која се води кај Стопанска банка АД Скопје и даночен број 5080012502712.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Зоран Петрески

Д.-на:
- доверител
- должник
- заложен должник
- Град Скопје - Сектор за финансии Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци
- извршител Андреа Буневски
- Влада на РМ
- Министерство за транспорт и врски на РМ

28.05.2018

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Скопје 2 согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.